Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 97, 1 март 2013 година

март 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-уметничката област видови инструменти – виолина и методика на наставата по гудачки инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник „Мултикултурализам и интеркултурна комуникација“ од проф. д-р Владо Петровски и проф. д-р Снежана Мирасчиева, Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........41

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по анимации во туризмот“ од авторите д-р Златко Јаковлев и м-р Кристина Ковачевиќ, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........43

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........45



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО АНИМАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЗЛАТКО ЈАКОВЛЕВ И М-Р КРИСТИНА КОВАЧЕВИЌ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10 и 17/11 год.), а во согласност со точка 6 од Правилата за издавање учебници и учебни помагала на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Универзитетски гласник бр. 19/2011 и бр. 21/2011), Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија на 86. седница, одржана на 24.11.2012 година, донесе Одлука број 2602-812/8 за избор на рецензенти за издавање „Практикум по анимација во туризмот” по предметот Анимации во туризмот.

За рецензирање на ракописот „Практикум по анимација во туризмот” од авторите д-р Златко Јаковлев и м-р Кристина Ковачевиќ се избрани следниве рецензенти:

- д-р Лидија Симонческа, редовен професор на Факултетот за туризам и угостителство при Универзитетот „Св. Климент Охридски” - Битола и
- д-р Билјана Петревска, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

По прегледот на приложениот ракопис „Практикум по анимации во туризмот“ од авторите д-р Златко Јаковлев и м-р Кристина Ковачевиќ, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Практикум по анимации во туризмот“ е компатибилен со Наставната програма по предметот Анимации во туризмот, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во V семестар на прв циклус студии. Предметот, согласно со предвидената студиска програма, е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2+1 и се вреднува со 6 кредити. Ракописот е напишан на стандарден македонски јазик во А4 формат, нормален проред, фонт Ariel, македонска поддршка и големина на буквите 12. Се состои од 12 практични вежби распоредени на 39 страници, при што секоја вежба е во согласност со наставната програма по предметот Анимации во туризмот. Предложениот обем по содржина ги задоволува пропишаните критериуми за издавачка дејност. Ракописот е наменет првенствено за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, но и за сите студенти од останати факултети на кои се изучува предметот Анимации во туризмот.

Ракописот започнува со Вовед во кој е даден краток осврт на значењето на анимациите во туризмот, посочена е предвидената основна и дополнителна литература, како и преглед на содржините кои се обработени во рамките на практикумот.

Вежбата бр. 1 е насловена Проектни активности: правила за изработка и предлог-теми. Во неа се прикажани стандардите за изработка на проектни активности надополнети со листа на предлог-теми за изработка на проектни активности.

Вежбата бр. 2 е насловена Дневна програма за анимација. Најнапред, разработен е пример за изработка на дневна програма за организирано разгледување на градот Охрид. Потоа, следи практична вежба за студентите кои треба да изработат дневна анимациска програма за организирано разгледување на својот роден град.

Вежбата бр. 3 е насловена Тридневна културно-забавна програма за анимација. На почетокот е разработен примерот на Фестивалот на забавни мелодии „Макфест”, а потоа следи вежба за студентите во која треба да подготват тридневна културно-забавна програма за анимација на посетителите на „Макфест”.

Вежбата бр. 4 е насловена Профил на аниматорот. Опишан е случајот на хотелот „Радика" во Маврово, а студентите имаат задача да ги прикажат психофизичките карактеристики и стручноста на профилот аниматор кој би бил вработен во хотелот како лице задолжено за збогатување на содржината на туристичкиот престој на гостите.

Вежбата бр. 5 е насловена Тридневен новогодишен аранжман. Опишана е приватната туристичка агенција ДТУ ДООЕЛ „Атлантис" - Струмица, а студентите имаат задача да се стават во улога на вработени во оваа агнеција и да изработат тридневен предлог-аранжман за дестинација по сопствен избор.

Вежбата бр. 6 е насловена Двонеделен аранжман за организирање апсолвентска екскурзија. Студентите се задолжени да изработат предлог-аранжман со вклучени културно-забавни анимациски програми за излети и посети.

Вежбата бр. 7 е насловена Еднонеделен престој на анимација на странски туристи во Македонија. Студентите добиваат задача да изработат програма за еднонеделен престој на анимација која ќе ги опфати најзначајните туристички места, културно-историски споменици, музеи, природни убавини и гастрономска понуда.

Вежбата бр. 8 е насловена Трошоци поврзани со организирање и реализирање на анимациската програма. Студентите имаат за задача да направат разграничување на вкупните трошоци по категории, односно да ги набројат фиксните и варијабилните трошоци поврзани со организирање и реализирање на анимациската програма.

Вежбата бр. 9 е насловена Точка на рентабилноста на анимациската програма. Даден е краток приказ на значењето и начинот на пресметување на прагот на рентабилноста, како еден од најзначајните финансиски показатели за туристичките менаџери. Студентите се задолжуваат да ја пресметаат точката на рентабилност во дадената задача.

Вежбата бр. 10 е насловена Анкетата како техника на собирање податоци. Накратко е појаснета анкетата како најчесто применуван метод на истражување и даден е пример на анкетен прашалник за истражување на анимацијата во туристичката понуда. Студентите имаат задача да спроведат истражување на 20 испитаници.

Вежбата бр. 11 е насловена Интервјуто како техника за собирање податоци. Во оваа вежба е даден пример на интервју, а студентите имаат задача да спроведат истражување на анимациската понуда на избран хотел преку интервјуирање на менаџерот на хотелот.

Вежбата бр. 12 е последна вежба со која се заокружува содржината на ракописот. Насловена како Презентација на проектни активности од страна на студентите, оваа вежба има за цел оценување на изработената проектна задача. Притоа, како критериуми за евалуација се наведени оригиналноста на темата, вербалното презентирање, квалитетот на презентацијата и запазените стандарди при изработката. Воедно, во оваа вежба се нотираат и коментарите од страна на присутните, како и водената дискусија.

Сите 12 вежби опфатени во овој ракопис во целост ја заокружуваат предвидената наставна програма по предметот Анимации во туризмот, па оттука и соодветноста овој ракопис да може да се користи како учебно помагало по предметот Анимации во туризмот.

## З А К Л У Ч О К

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање учебно помагало според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Практикум по анимации во туризмот" од авторите д-р Златко Јаковлев и м-р Кристина Ковачевиќ да биде издаден како учебно помагало ПРАКТИКУМ.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Лидија Симонческа, с.р.**
**Д-р Билјана Петревска, с.р.**